## Извадок на дел од дневните настани 10.05.2024

На 09.05.2024 во 14.00 часот во Кочани, полициски службеници од ОВР Кочани го лишиле од слобода О.Ц.(38) од Кочани. Тој се сомничи дека околу 12.30 часот во угостителски објект во Кочани се однесувал агресивно и со пиштол удрил едно женско лице. Подоцна, при претрес во неговиот дом и неговото возило „ауди“, извршен со судска наредба, биле пронајдени и одземени пиштол калибар 7,65 мм, 25 куршуми калибар 7,65 мм и лисици за врзување. Лицето било задржано во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

Денеска (10.05.2024) во 01.30 часот во близина на угостителски објект на подрачјето на Карпош, полициски службеници од СВР Скопје го лишиле од слобода Б.К.(22) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена бела прашкаста материја. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 09.05.2024 во 21.05 часот на подрачјето на Центар полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода А.Ѓ.(20) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 09.05.2024 во 16.00 часот во с.Петровец, скопско, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Б.Е.(50) од скопско, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 10.05.2024 во 00.30 часот на регионален пат Тетово – Скопје, кај тетовско Желино, полициски службеници од Полициското одделение Групчин ги лишиле од слобода Б.Л.(42), С.И.(38) и М.М.(35), сите од Тетово. При преглед во патничко возило „опел“ со тетовски регистарски ознаки, во кое се превезувале, била пронајдена марихуана. Тие биле задржани во полициска станица и по целосно документирање на случајот против нив ќе следува соодветен поднесок.

На 09.05.2024 во 18.30 часот на улица „Ристо Крле“ во Струга, полициски службеници под ОВР Струга го лишиле од слобода Т.Б.(46) од Струга, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По документирање на настанот ќе следува соодветен поднесок.

На 09.05.2024 во 12.10 часот во Градскиот парк во Велес, полициски службеници од Отсекот за недозволена трговија со дрога при СВР Велес ги лишиле од слобода Ф.С.(18) и малолетник, двајцата од Велес, затоа што кај нив била пронајдена и одземена марихуана. Тие биле приведени во полициска станица, известен бил јавен обвинител и по документирање на настанот против нив ќе биде поднесена соодветна пријава.
На 09.05.2024 во 15.20 часот во СВР Скопје било пријавено дека на крстосница од бул.„Босна и Херцеговина“ со ул.„Александар Урдаревски“ и ул.„Ќемал Сејфула“ се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „опел мерива“, управувано од Ш.С.(38) од с.Брест, скопско, патничко возило „фиат 500“, управувано од М.Ц.(25) од с.Кучевиште, скопско и патничко возило „фолксваген туран“, управувано од З.З.(66) од Скопје, трите со скопски регистарски ознаки. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил сопатникот од возилото „опел мерива“, Б.М.(31) од Скопје, а со телесни повреди се здобиле тројцата возачи, констатирани во Градската општа болница „Св.Наум Охридски“ и Градската општа болница „8 Септември“. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

На 09.05.2024 во 06.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека на автопатот Куманово – Скопје, во близина на Рафинеријата, патничко возило „бмв“ со бугарски национални ознаки, управувано од В.К.(41) од Косово, излетало надвор од коловозот. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил возачот, констатирани во Општата болница Куманово. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

На 09.05.2024 во 14.10 часот во ОВР Струга било пријавено дека на крстосницата од улиците „Владо Малески“ со „Пабло Неруда“ во Струга, патничко возило „цитроен“ со струшки регистарски ознаки, управувано од С.Г.(52), удрило во велосипед, управуван од Б.М.(47), двајцата од Струга. Во несреќата Б.М. се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во болницата „Св.Еразмо“ во Охрид. Увид на местото на незгодата извршила екипа на ОВР Струга.

Денеска (10.05.2024) во 04.40 часот во СВР Скопје било пријавено дека на бул.„Партизански одреди“ во Скопје, мопед „хамачи“ со скопски регистарски ознаки, управуван од Д.М.(37) од Скопје, удрил во метален столб. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобиле возачот и сопатникот Џ.А.(36) од Скопје, констатирани во Градската општа болница „Св.Наум Охридски“. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

На 09.05.2024 во 11.30 часот во СВР Битола било пријавено дека дека на ул.„Борис Буџевски“ во Битола се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „ауди“ со битолски регистарски ознаки, управувано од С.Н.(69) од Битола и мопед управуван од Б.С.(65) од Битола. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил возачот на мопедот, констатирани во Клиничката болница Битола. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Битола.

На 09.05.2024 во 22.25 часот во Полициската станица Центар, Д.Д.(33) од Скопје пријавил дека на Кеј „13 Ноември“ бил каснат од куче скитник.

На 09.05.2024 во 20.00 часот во Полициската станица Ѓорче Петров, С.В.(81) од Скопје пријавила дека на ул.„Австралиска“ била касната од куче скитник.

СВР Скопје – Единица за насилен криминал – Одделение за крвни и сексуални деликти, денеска (10.05.2024) до Основно јавно обвинителство Скопје поднесе кривична пријава против И.Х.(37) од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторено кривични дело „тешки дела против општата сигурност" по член 292, а во врска со кривично дело „предизвикување општа опасност" по член 288 од Кривичниот законик. Имено, по преземени мерки, подигнати докази, извршени вештачења и разговори со повеќе лица било утврдено дека на 11.05.2023 под мостот „Беласица“, пријавениот предизвикал пожар на т.н. „просторија за компензација на топловод", кој се проширил на термичката изолација и топловодните цевководи кои се дел од топлификациска мрежа на ЕСМ-Снабдување со топлина, при што се предизвикани топлински оштетувања на наведениот топловод, како и видливи оштетувања на конструктивните елементи на мостот. Инаку, пријавениот И.Х. од 12.09.2023 се наоѓа на издржување казна затвор во Казнено – поправната установа Затвор Скопје за сторено кривично дело „тешка кражба“ по член 236 од Кривичниот законик.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Делчево поднесе кривична пријава против В.А.(36) од Делчево, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „насилство“. На 08.05.2024, пријавениот оштетил влезна врата и друг инвентар во угостителски објект, се обидел да оштети стакло од возачка врата на такси возило, во обложувалница оштетил врата од наплатниот пулт, по што оштетил возило паркирано пред Територијалната противпожарна единица и физички нападнал двајца вработени.

На 10.05.2024 во 02.22 часот на крстосница помеѓу улица „Маршал Тито“ и улица „Благоја Тоска“ во Тетово, полициски службеници од СВР Тетово го привеле Ф.Е.(28) од Гостивар, затоа што кај него биле пронајдени и одземени остар предмет и гумена палка. Тој бил задржан во полициска станица и по документирање на случајот против него ќе следува соодветен поднесок по член 80 од Законот за оружје.

На 09.05.2024 во 11.20 часот на подрачјето на Карпош, полициски службеници од СВР Скопје го привеле К.Л.(41) од Скопје, затоа што физички ја нападнал О.Л.(39) од Скопје, а потоа агресивно се однесувал кон полициски службеници кои извршувале службени дејствија. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 09.05.2024 во 19.25 часот во СВР Скопје, Н.Ј.(19) од Скопје пријавил дека на 08.05.2024 околу 01.30 часот на подрачјето на општина Аеродром во Скопје бил физички нападнат од С.Н.. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 09.05.2024 во 12.10 часот во Полициската станица Карпош, од Јавна установа за згрижување на деца било пријавено дека од установата се оддалечил нивниот штитеник М.А.(17), кој и претходно се оддалечувал и се враќал назад. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 09.05.2024 во 10.03 часот во Полициската станица Македонски Брод било пријавено дека во с.Пласница настанал пожар во куќа сопственост на У.С., а бил зафатен и дел од куќата, сопственост на А.Џ.(64). Пожарот бил изгаснат од екипа на Територијалната противпожарна единица, а повредени лица нема. Увид на местото извршиле јавен обвинител и увидна екипа на ОВР Македонски Брод.

СВР Скопје поднесе кривична пријава против Г.Ј.Ј.М.(27) од Шведска, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „фалсификување исправа“. На 01.05.2024 на Граничен премин Табановце, при пасошка контрола, тој на увид приложил фалсификувана патна исправа. Од Основен суд Куманово изречена е пресуда со која пријавениот е осуден со казна затвор во траење од три месеци условно за две години, а воедно изречена му е мерка протерување на странец од земјата во траење од пет години.

На 09.05.2024 во 22.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека во спортска обложувалница на подрачјето на Центар во Скопје едно лице со закана кон вработениот одзело пари од дневниот промет. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 09.05.2024 во 23.00 часот во Полициската станица Бит Пазар, Е.Б.(34) од Република Турција пријавила дека нејзината мајка А.П.О.(73) од Република Турција се оддалечила од хотел во Скопје каде престојувала. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.



МАКЕДОНИЈА БЕЗ КОРУПЦИЈА

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет